**Народна банка на Република Македонија**
ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на првиот квартал од 2015 година

јуни, 2015 година

**Бруто надворешниот долг** на крајот на март 2015 година изнесува 6.185 милиони евра и на квартална основа е зголемен за 231 милиони евра. Најголемиот дел од зголемувањето произлегува од зголемувањето на обврските на монетарната власт (централната банка), во износ од 253 милиони евра, врз основа на репо-трансакции на Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1]. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг е намален за 22 милиони евра, при што намалувањето на долгот на државата за 105 милиони евра, во најголем дел се нетира со зголемувањето на долгот на останатите сектори и долгот меѓу поврзаните субјекти, за 61 и 28 милиони евра, соодветно.

**Бруто надворешните побарувања** бележат квартално зголемување за 156 милиони евра, во најголем дел поврзано со зголемувањето на побарувањата врз основа на обратните репо - трансакции. Доколку се исклучи нивното влијание, бруто побарувањата се намалени за 97 милиони евра. Следствено, **нето надворешниот долг** во првиот квартал од 2015 година е зголемен за 75 милиони евра и изнесува 1.888 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во текот на првиот квартал од 2015 година е зголемена за 43 милиони евра, што произлегува од погоре споменатиот раст на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 75 милиони евра), делумно нетиран со намалувањето на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 31 милион евра). Со тоа, на крајот на првиот квартал на 2015 година, негативната нето МИП достигна 4.825 милиони евра, или 53,6% од БДП. И натаму, најголем дел (87,2%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од 77,2% се врз основа на сопственичкиот капитал.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи се склучуваат истовремено, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2014 | | 31.03.2015 | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **5,954.4** | **69.8** | **6,185.2** | **68.7** | **230.8** | **3.9** | **-1.1** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***5,954.4*** | ***69.8*** | ***5,932.0*** | ***65.9*** | **-22.4** | **-0.4** | **-3.9** |
| Долгорочен долг | 4,660.3 | 54.6 | 4,663.4 | 51.8 | 3.1 | 0.1 | -2.8 |
| Краткорочен долг | 1,294.1 | 15.2 | 1,521.8 | 16.9 | 227.7 | 17.6 | 1.7 |
| Јавен долг | 2,847.1 | 33.4 | 3,024.9 | 33.6 | 177.8 | 6.2 | 0.2 |
| Приватен долг | 3,107.3 | 36.4 | 3,160.3 | 35.1 | 53.0 | 1.7 | -1.3 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,141.6** | **48.5** | **4,297.7** | **47.7** | **156.1** | **3.8** | **-0.8** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,141.6*** | ***48.5*** | ***4,044.4*** | ***44.9*** | **-97.1** | **-2.3** | **-3.6** |
| **Нето надворешен долг** | **1,812.8** | **21.2** | **1,887.5** | **21.0** | **74.7** | **4.1** | **-0.3** |
| **МИП, нето** | **-4,781.6** | **-56.0** | **-4,824.9** | **-53.6** | **-43.3** | **0.9** | **2.5** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.




По намалувањето во четвртиот квартал на 2014 година, бруто надворешниот долг во првиот квартал на 2015 година забележа квартален пораст од 231 милион евра (или 3,9%) и достигна 6.185 милиони евра, или 68,7% од проектираниот БДП за оваа година.

Извор: НБРМ.




Во првиот квартал на 2015 година дојде до пораст на учеството на јавниот бруто надворешен долг за 1,1 п.п. во структурата на вкупниот бруто- долг, но и натаму минимално преовладува учеството на приватниот надворешен долг.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

И покрај зголеменото учество на краткорочниот долг (за 2,9 п.п.), рочната структура на бруто надворешниот долг и натаму е поволна, при што 3/4 од вкупниот долг отпаѓа на долгорочниот долг.




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура најголемиот дел од бруто надворешниот долг произлегува од долгот на државата (32,7%) и долгот на останатите сектори (31,2%, главно нефинансиските трговски друштва). Долгот кон поврзаните субјекти сочинува 20,9% од вкупниот надворешен долг.




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел, или 67,7% од бруто надворешната задолженост на земјата е врз основа на заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговски кредити (17,5%) и должнички хартии од вредност (11,1%).




Извор: НБРМ.

Анализата на валутната структура на заемите, како најзастапен инструмент, покажува дека и натаму најголемиот дел од обврските се во евра.




Извор: НБРМ.

Порастот на вкупниот бруто надворешен долг во првиот квартал на 2015 година во најголем дел произлегува од зголемениот јавен долг (за 178 милиони евра), при истовремен пораст и на приватниот долг (за 53 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на вкупниот јавен надворешен долг се должи на зголемените обврски на монетарната власт во износ од 259 милиони евра (од тоа, 253 милиони евра врз основа на репо - трансакции), како и на зголемените обврски на јавните претпријатија и јавните банки во износ од 24 милиони евра. Во првиот квартал на 2015 година беа отплатени обврски врз основа на заеми кон ММФ, што влијаеше за намалување на надворешниот долг на потсекторот „држава", за 105 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на приватниот надворешен долг којшто е резултат на порастот на долгот на небанкарскиот приватен сектор (за 39 милиони евра) и долгот меѓу поврзаните субјекти (за 28 милиони евра), при намалување на долгот на приватните банки (за 14 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Анализирано според институционални сектори, главен носител на растот на вкупната задолженост е порастот на краткорочните обврски на централната банка по репо - трансакции. Нивното влијание делумно беше неутрализирано со намалувањето на долгот на државата врз основа на заеми.




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања во првиот квартал на 2015 година забележаа пораст од 156 милиони евра (3,8%) и достигнаа 4.298 милиони евра, или 47,7% од проектираниот БДП за оваа година.




Извор: НБРМ.

Во првиот квартал на 2015 година е забележано поместување во структурата на побарувањата во корист на јавните бруто надворешни побарувања за 1,6 п.п., со што тие и натаму преовладуваат во структурата на вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Во првиот квартал од 2015 година краткорочните побарувања бележат раст на учеството за 4,9 п.п. во однос на претходниот квартал, со што тие повторно минимално ги надминуваат долгорочните побарувања.




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел од бруто надворешните побарувања припаѓаат на централната банка (55,2%). Побарувањата на останатите сектори (главно нефинансиските трговски друштва) сочинуваат 21,4%, а побарувањата на депозитните институции опфаќаат 14,4% од вкупните побарувања.



**Бруто надворешни побарувања по инструменти (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Од аспект на инструментите, најголем дел од бруто надворешните побарувања се врз основа на должнички хартии од вредност (42,8%), трговски кредити и аванси (24,5%) и валути и депозити (20,3%). Побарувањата по заеми во овој квартал бележат позабележителен квартален пораст на учеството (за 5,3 п.п.), со што достигнаа 12,2% од вкупните побарувања.



**Придонес во кварталната промена на бруто надворешните побарувања - јавни и приватни (мил. евра)**

Извор: НБРМ

Најголемиот дел од порастот на вкупните бруто надворешни побарувања во првиот квартал на 2015 година се должи на зголемените јавни побарувања (за 156 милиони евра), што главно произлегува од растот на пласманите на централната банка преку обратни репо - трансакции.



**Придонес на потсекторите во кварталната промена на приватните побарувања (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Приватните надворешни побарувања во првиот квартал на 2015 година се речиси на нивото од крајот на 2014 година (минимален раст од само 0,5 милиони евра). За тоа придонесоа зголемените побарувања на небанкарскиот приватен сектор (главно врз основа на трговски кредити и аванси), од една страна, и истовременото намалувања на побарувањата на поврзаните субјекти и приватните банки.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, главен двигател на кварталноиот раст е централната банка.




Извор:НБРМ.

Поради поголемиот раст на бруто-долгот во однос на растот на бруто-побарувањата на земјата, нето надворешниот долг во првиот квартал од 2015 година е зголемен за 75 милиони евра (за 4,1%), со што достигна 1.888 милиони евра ( 21% од БДП).




Извор:НБРМ.

Најголемиот дел од нето-долгот (68,3%) е долг на приватниот сектор, којшто е зголемен за 53 милиони евра, додека јавниот нето-долг е зголемен за 22 милиони евра.




Извор:НБРМ.

Од аспект на состојбите, освен депозитните институции, сите други сектори се нето должници кон странство. Од нив, најголем нето-должник е државата, чијшто нето надворешен долг на 31.3.2015 година изнесува 1.965 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во текот на првиот квартал на 2015 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 43 милиони евра (0,9%) во однос на крајот на 2014 година, достигнувајќи 4.825 милиони евра. Сепак, гледано преку релативниот показател, негативната нето МИП како процент од БДП бележи намалување (за 2,5 п.п.).




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, најголем дел (87,2%) од негативната нето МИП претставуваат нето обврски по директни инвестиции, од кои 77,2% се по основ на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталниот пораст на негативната нето МИП од 43 милиони евра произлегува од поголемиот раст на обврските (од 239 милиони евра), споредено со растот на средствата (од 195 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, кварталната промена на нето МИП произлегува од растот на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (од 75 милиони евра), којшто е делумно нетиран со намалувањето на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 31 милион евра).




Извор: НБРМ.

Намалувањето на нето обврските по сопственички инструменти се должи на растот на побарувањата врз основа на монетарно злато (за 22 милиони евра, поради курсни промени) и на нето побарувањата по сопственички капитал во рамки на портфолио инвестициите (за 19 милиони евра). Пораст на нето- обврските е регистриран кај сопственичкиот капитал, во рамки на директните инвестиции (за 9 милиони евра).

# ПРИЛОГ- ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг**

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 188.5 | 190.8 | 182.5 | 168.4 | 158.7 | 169.1 | 163.3 | 157.7 | 139.9 | -17.8 | -11.3 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 153.6 | 154.6 | 157.8 | 152.4 | 165.6 | 164.8 | 680.8 | 674.4 | 689.1 | 14.7 | 2.2 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,983.3 | 4,069.1 | 4,065.5 | 3,791.2 | 4,134.0 | 4,255.4 | 4,326.1 | 3,980.1 | 4,184.9 | 204.8 | 5.1 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,081.3 | 1,105.2 | 1,026.3 | 1,028.2 | 1,090.1 | 1,075.3 | 1,085.1 | 1,057.8 | 1,081.7 | 23.9 | 2.3 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 10.3 | 10.3 | 10.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 76.9 | 75.4 | 74.4 | 73.2 | 73.7 | 74.5 | 76.6 | 78.2 | 83.5 | 5.3 | 6.8 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.16** | **3,780.36** | **4,105.71** | **4,846.61** | **5,171.67** | **5,493.89** | **5,605.33** | **5,516.79** | **5,219.75** | **5,628.29** | **5,745.36** | **6,338.15** | **5,954.40** | **6,185.20** | **230.8** | **3.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,113.40 | 1,464.24 | 1,589.81 | 1,692.42 | 1,683.28 | 1,631.13 | 1,608.89 | 1,625.89 | 1,604.69 | 2,147.24 | 2,125.64 | 2,021 | -104.7 | -4.9 |
| Централна банка | 9.15 | 71.74 | 76.42 | 310.82 | 234.24 | 380.63 | 427.03 | 357.71 | 73.20 | 378.01 | 378.61 | 381.50 | 78.19 | 336.71 | 258.5 | 330.7 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.07 | 468.22 | 578.78 | 564.75 | 618.82 | 626.23 | 666.15 | 635.59 | 609.34 | 606.05 | 607.86 | 582.77 | 614.45 | 601.91 | -12.5 | -2.0 |
| Останати сектори | 1,321.91 | 1,346.99 | 1,464.82 | 1,702.60 | 1,730.87 | 1,733.31 | 1,752.42 | 1,767.59 | 1,758.92 | 1,783.31 | 1,895.15 | 1,920.42 | 1,870.65 | 1,931.83 | 61.2 | 3.3 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 682.70 | 837.56 | 872.30 | 804.20 | 997.94 | 1,061.29 | 1,076.45 | 1,124.77 | 1,169.39 | 1,235.04 | 1,259.06 | 1,306.22 | 1,265.47 | 1,293.84 | 28.4 | 2.2 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.16** | **3,780.36** | **4,105.71** | **4,846.61** | **5,171.67** | **5,493.89** | **5,605.33** | **5,516.79** | **5,219.75** | **5,628.29** | **5,745.36** | **6,338.15** | **5,954.40** | **6,185.20** | **230.8** | **3.9** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.79** | **55.87** | **57.76** | **64.24** | **68.18** | **67.73** | **69.10** | **68.01** | **64.35** | **65.96** | **67.33** | **74.28** | **69.78** | **68.68** | | -1.1 |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***4,614.08*** | ***5,014.10*** | ***5,190.17*** | ***5,253.67*** | ***5,233.45*** | ***5,219.75*** | ***5,324.01*** | ***5,441.24*** | ***6,033.26*** | ***5,954.40*** | ***5,931.96*** | **-22.4** | **-0.4** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***61.16*** | ***66.11*** | ***63.98*** | ***64.76*** | ***64.51*** | ***64.35*** | ***62.39*** | ***63.77*** | ***70.70*** | ***69.78*** | ***65.86*** | | -3.9 |
| Долгорочен долг | 2,141.58 | 2,538.11 | 2,958.84 | 3,450.58 | 3,677.54 | 3,863.19 | 3,877.35 | 3,988.38 | 4,002.85 | 3,947.77 | 4,037.36 | 4,638.94 | 4,660.28 | 4,663.40 | 3.1 | 0.1 |
| Краткорочен долг | 1,162.58 | 1,242.25 | 1,146.87 | 1,396.03 | 1,494.13 | 1,630.70 | 1,727.98 | 1,528.41 | 1,216.90 | 1,680.53 | 1,708.00 | 1,699.21 | 1,294.12 | 1,521.80 | 227.7 | 17.6 |
| Долгорочен долг% | 64.81 | 67.14 | 72.07 | 71.20 | 71.11 | 70.32 | 69.17 | 72.30 | 76.69 | 70.14 | 70.27 | 73.19 | 78.27 | 75.40 | | -2.9 |
| Краткорочен долг% | 35.19 | 32.86 | 27.93 | 28.80 | 28.89 | 29.68 | 30.83 | 27.70 | 23.31 | 29.86 | 29.73 | 26.81 | 21.73 | 24.60 | | 2.9 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.62 | 37.51 | 41.62 | 45.74 | 48.48 | 47.62 | 47.80 | 49.17 | 49.34 | 46.26 | 47.31 | 54.36 | 54.61 | 51.78 | | -2.8 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.17 | 18.36 | 16.13 | 18.50 | 19.70 | 20.10 | 21.30 | 18.84 | 15.00 | 19.69 | 20.02 | 19.91 | 15.17 | 16.90 | | 1.7 |
| **Јавен долг** | **1,109.94** | **1,324.87** | **1,424.82** | **2,061.11** | **2,162.13** | **2,466.91** | **2,513.16** | **2,472.83** | **2,172.35** | **2,504.98** | **2,582.63** | **3,141.63** | **2,847.07** | **3,024.87** | **177.8** | **6.2** |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,113.40 | 1,464.24 | 1,589.81 | 1,692.42 | 1,683.28 | 1,631.13 | 1,608.89 | 1,625.89 | 1,604.69 | 2,147.24 | 2,125.64 | 2,020.91 | -104.7 | -4.9 |
| Централна банка | 9.15 | 71.74 | 76.42 | 310.82 | 234.24 | 380.63 | 427.03 | 357.71 | 73.20 | 378.01 | 378.61 | 381.50 | 78.19 | 336.71 | 258.5 | 330.7 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.45 | 197.28 | 235.00 | 286.05 | 338.08 | 393.86 | 402.84 | 483.99 | 490.26 | 501.08 | 599.32 | 612.89 | 643.25 | 667.25 | 24.0 | 3.7 |
| **Приватен долг** | **2,194.23** | **2,455.49** | **2,680.90** | **2,785.50** | **3,009.54** | **3,026.98** | **3,092.18** | **3,043.96** | **3,047.39** | **3,123.31** | **3,162.74** | **3,196.52** | **3,107.33** | **3,160.33** | **53.0** | **1.7** |
| Јавен долг% | 33.59 | 35.05 | 34.70 | 42.53 | 41.81 | 44.90 | 44.84 | 44.82 | 41.62 | 44.51 | 44.95 | 49.57 | 47.81 | 48.90 | | 1.1 |
| Приватен долг% | 66.41 | 64.95 | 65.30 | 57.47 | 58.19 | 55.10 | 55.16 | 55.18 | 58.38 | 55.49 | 55.05 | 50.43 | 52.19 | 51.10 | | -1.1 |
| Јавен долг/БДП % | 16.39 | 19.58 | 20.04 | 27.32 | 28.51 | 30.41 | 30.98 | 30.48 | 26.78 | 29.36 | 30.27 | 36.82 | 33.36 | 33.59 | | 0.2 |
| Приватен долг/БДП % | 32.40 | 36.29 | 37.71 | 36.92 | 39.68 | 37.31 | 38.12 | 37.52 | 37.57 | 36.60 | 37.06 | 37.46 | 36.41 | 35.09 | | -1.3 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 2

## Бруто надворешни побарувања

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 681.9 | 655.3 | 732.3 | 711.6 | 643.0 | 778.5 | 846.3 | 896.5 | 874.4 | -22.1 | -2.5 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,801.2 | 1,707.8 | 1,688.4 | 1,627.7 | 1,610.6 | 1,395.3 | 1,945.6 | 1,943.7 | 1,840.9 | -102.8 | -5.3 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 819.6 | 838.1 | 764.8 | 494.5 | 801.6 | 763.9 | 730.9 | 287.3 | 523.8 | 236.5 | 82.3 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 815.2 | 858.7 | 846.8 | 865.9 | 925.5 | 1,008.2 | 1,047.8 | 1,008.3 | 1,051.9 | 43.7 | 4.3 |
| Останати обврски | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 0.1 | 9.7 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 1.9 | 2.4 | 2.9 | 3.3 | 3.8 | 3.9 | 4.1 | 4.3 | 5.0 | 0.7 | 16.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.49** | **2,561.41** | **2,956.05** | **3,730.69** | **3,872.61** | **4,121.19** | **4,063.85** | **4,036.66** | **3,704.50** | **3,986.01** | **3,951.17** | **4,576.14** | **4,141.55** | **4,297.69** | **156.1** | **3.8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.00 | 0.00 | 45.60 | 46.80 | 45.94 | 47.23 | 46.30 | 44.74 | 43.94 | 44.02 | 44.46 | 47.68 | 49.80 | 55.84 | 6.04 | 12.13 |
| Централна банка | 1,361.55 | 1,429.81 | 1,482.84 | 2,034.91 | 2,053.82 | 2,261.52 | 2,200.79 | 2,133.18 | 1,802.66 | 2,040.26 | 1,966.76 | 2,533.16 | 2,220.84 | 2,370.43 | 149.6 | 6.7 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.65 | 496.81 | 572.83 | 603.05 | 572.70 | 558.18 | 547.36 | 593.24 | 557.82 | 538.49 | 532.68 | 586.22 | 641.40 | 619.43 | -22.0 | -3.4 |
| Останати сектори | 507.00 | 440.22 | 571.84 | 722.31 | 712.79 | 727.43 | 765.17 | 757.92 | 761.29 | 807.09 | 880.52 | 902.38 | 867.56 | 918.59 | 51.0 | 5.9 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 133.29 | 194.56 | 282.94 | 323.61 | 487.36 | 526.83 | 504.22 | 507.58 | 538.79 | 556.15 | 526.75 | 506.70 | 361.95 | 333.39 | -28.6 | -7.9 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.49** | **2,561.41** | **2,956.05** | **3,730.69** | **3,872.61** | **4,121.19** | **4,063.85** | **4,036.66** | **3,704.50** | **3,986.01** | **3,951.17** | **4,576.14** | **4,141.55** | **4,297.69** | **156.1** | **3.8** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.33** | **37.85** | **41.58** | **49.45** | **51.06** | **50.80** | **50.10** | **49.76** | **45.67** | **46.71** | **46.30** | **53.63** | **48.53** | **47.7** | | **-0.8** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***3,497.63*** | ***3,736.55*** | ***3,817.21*** | ***3,701.43*** | ***3,752.81*** | ***3,704.50*** | ***3,681.73*** | ***3,647.05*** | ***4,269.96*** | ***4,141.55*** | ***4,044.45*** | **-97.1** | **-2.3** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП %*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***46.36*** | ***49.26*** | ***47.06*** | ***45.63*** | ***46.26*** | ***45.67*** | ***43.15*** | ***42.74*** | ***50.04*** | ***48.53*** | ***44.91*** | | **-3.6** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.21 | 1,087.90 | 1,352.64 | 1,655.28 | 1,898.65 | 2,260.79 | 2,151.87 | 2,138.06 | 2,093.42 | 2,079.26 | 1,833.05 | 2,348.62 | 2,235.85 | 2,109.83 | -126.0 | -5.6 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.28 | 1,473.51 | 1,603.42 | 2,075.40 | 1,973.96 | 1,860.41 | 1,911.98 | 1,898.60 | 1,611.07 | 1,906.75 | 2,118.13 | 2,227.52 | 1,905.70 | 2,187.86 | 282.2 | 14.8 |
| Долгорочни побарувања% | 50.12 | 42.47 | 45.76 | 44.37 | 49.03 | 54.86 | 52.95 | 52.97 | 56.51 | 52.16 | 46.39 | 51.32 | 53.99 | 49.09 | | -4.9 |
| Краткорочни побарувања% | 49.88 | 57.53 | 54.24 | 55.63 | 50.97 | 45.14 | 47.05 | 47.03 | 43.49 | 47.84 | 53.61 | 48.68 | 46.01 | 50.91 | | 4.9 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.71 | 16.08 | 19.03 | 21.94 | 25.03 | 27.87 | 26.53 | 26.36 | 25.81 | 24.37 | 21.48 | 27.52 | 26.20 | 23.43 | | -2.8 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.62 | 21.78 | 22.56 | 27.51 | 26.02 | 22.93 | 23.57 | 23.40 | 19.86 | 22.34 | 24.82 | 26.10 | 22.33 | 24.29 | | 2.0 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.55** | **1,429.81** | **1,528.44** | **2,081.72** | **2,099.76** | **2,308.75** | **2,247.09** | **2,177.92** | **1,846.60** | **2,084.28** | **2,011.23** | **2,580.84** | **2,270.64** | **2,426.27** | **155.6** | **6.9** |
| Држава | 0.00 | 0.00 | 45.60 | 46.80 | 45.94 | 47.23 | 46.30 | 44.74 | 43.94 | 44.02 | 44.46 | 47.68 | 49.80 | 55.84 | 6.0 | 12.1 |
| Централна банка | 1,361.55 | 1,429.81 | 1,482.84 | 2,034.91 | 2,053.82 | 2,261.52 | 2,200.79 | 2,133.18 | 1,802.66 | 2,040.26 | 1,966.76 | 2,533.16 | 2,220.84 | 2,370.43 | 149.6 | 6.7 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | |
| **Приватен побарувања** | **1,030.94** | **1,131.60** | **1,427.61** | **1,648.97** | **1,772.86** | **1,812.45** | **1,816.76** | **1,858.74** | **1,857.90** | **1,901.73** | **1,939.95** | **1,995.30** | **1,870.91** | **1,871.42** | **0.5** | **0.0** |
| Јавни побарувања% | 56.91 | 55.82 | 51.71 | 55.80 | 54.22 | 56.02 | 55.29 | 53.95 | 49.85 | 52.29 | 50.90 | 56.40 | 54.83 | 56.46 | | 1.6 |
| Приватни побарувања% | 43.09 | 44.18 | 48.29 | 44.20 | 45.78 | 43.98 | 44.71 | 46.05 | 50.15 | 47.71 | 49.10 | 43.60 | 45.17 | 43.54 | | -1.6 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.11 | 21.13 | 21.50 | 27.59 | 27.68 | 28.46 | 27.70 | 26.85 | 22.76 | 24.43 | 23.57 | 30.24 | 26.61 | 26.94 | | 0.3 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.22 | 16.72 | 20.08 | 21.86 | 23.37 | 22.34 | 22.40 | 22.91 | 22.90 | 22.29 | 22.73 | 23.38 | 21.92 | 20.78 | | -1.1 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 3

## Нето надворешен долг

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евр | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -493.4 | -464.4 | -549.8 | -543.2 | -484.3 | -609.4 | -682.9 | -738.8 | -734.5 | 4.3 | -0.6 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,647.7 | -1,553.2 | -1,530.6 | -1,475.3 | -1,445.1 | -1,230.4 | -1,264.8 | -1,269.3 | -1,151.9 | 117.5 | -9.3 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,163.7 | 3,230.9 | 3,300.7 | 3,296.8 | 3,332.4 | 3,491.6 | 3,595.2 | 3,692.8 | 3,661.1 | -31.8 | -0.9 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 266.1 | 246.4 | 179.5 | 162.3 | 164.6 | 67.1 | 37.3 | 49.5 | 29.7 | -19.8 | -39.9 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 9.0 | 8.8 | 8.8 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.6 | -0.1 | -3.2 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 75.0 | 73.0 | 71.5 | 69.9 | 69.9 | 70.6 | 72.5 | 73.9 | 78.5 | 4.6 | 6.2 |
| **Нето надворешен долг** | **911.68** | **1,218.94** | **1,149.66** | **1,115.92** | **1,299.06** | **1,372.70** | **1,541.48** | **1,480.13** | **1,515.25** | **1,642.28** | **1,794.19** | **1,762.01** | **1,812.84** | **1,887.51** | **74.7** | **4.1** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,067.80 | 1,417.44 | 1,543.87 | 1,645.19 | 1,636.98 | 1,586.40 | 1,564.96 | 1,581.87 | 1,560.23 | 2,099.56 | 2,075.83 | 1,965.07 | -110.8 | -5.3 |
| Централна банка | -1,352.39 | -1,358.07 | -1,406.42 | -1,724.09 | -1,819.58 | -1,880.89 | -1,773.77 | -1,775.48 | -1,729.46 | -1,662.26 | -1,588.15 | -2,151.66 | -2,142.65 | -2,033.72 | 108.9 | -5.1 |
| Депозитни институции, освен централна банка | -6.57 | -28.60 | 5.95 | -38.30 | 46.11 | 68.05 | 118.78 | 42.34 | 51.53 | 67.57 | 75.18 | -3.45 | -26.95 | -17.52 | 9.4 | -35.0 |
| Останати сектори | 814.91 | 906.77 | 892.98 | 980.29 | 1,018.07 | 1,005.88 | 987.25 | 1,009.68 | 997.63 | 976.21 | 1,014.63 | 1,018.05 | 1,003.09 | 1,013.24 | 10.1 | 1.0 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 549.40 | 643.00 | 589.36 | 480.59 | 510.58 | 534.46 | 572.23 | 617.19 | 630.60 | 678.89 | 732.31 | 799.52 | 903.52 | 960.45 | 56.9 | 6.3 |
| **Нето надворешен долг** | **911.68** | **1,218.94** | **1,149.66** | **1,115.92** | **1,299.06** | **1,372.70** | **1,541.48** | **1,480.13** | **1,515.25** | **1,642.28** | **1,794.19** | **1,762.01** | **1,812.84** | **1,887.51** | **74.7** | **4.1** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.46** | **18.01** | **16.17** | **14.79** | **17.13** | **16.92** | **19.00** | **18.25** | **18.68** | **19.25** | **21.03** | **20.65** | **21.24** | **21.0** | | **-0.3** |
| Долгорочен долг | 942.37 | 1,450.21 | 1,606.20 | 1,795.30 | 1,778.89 | 1,602.40 | 1,725.48 | 1,850.31 | 1,909.42 | 1,868.51 | 2,204.32 | 2,290.33 | 2,424.43 | 2,553.58 | 129.1 | 5.3 |
| Краткорочен долг | -30.70 | -231.27 | -456.54 | -679.37 | -479.83 | -229.71 | -184.00 | -370.19 | -394.17 | -226.23 | -410.13 | -528.31 | -611.59 | -666.06 | -54.5 | 8.9 |
| Долгорочен долг% | 103.37 | 118.97 | 139.71 | 160.88 | 136.94 | 116.73 | 111.94 | 125.01 | 126.01 | 113.78 | 122.86 | 129.98 | 133.74 | 135.29 | | 1.6 |
| Краткорочен долг% | -3.37 | -18.97 | -39.71 | -60.88 | -36.94 | -16.73 | -11.94 | -25.01 | -26.01 | -13.78 | -22.86 | -29.98 | -33.74 | -35.29 | | -1.6 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.92 | 21.43 | 22.59 | 23.80 | 23.45 | 19.75 | 21.27 | 22.81 | 23.54 | 21.90 | 25.83 | 26.84 | 28.41 | 28.35 | | -0.1 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.45 | -3.42 | -6.42 | -9.01 | -6.33 | -2.83 | -2.27 | -4.56 | -4.86 | -2.65 | -4.81 | -6.19 | -7.17 | -7.40 | | -0.2 |
| **Јавен долг** | **-251.61** | **-104.95** | **-103.62** | **-20.61** | **62.37** | **158.16** | **266.06** | **294.91** | **325.76** | **420.70** | **571.40** | **560.79** | **576.43** | **598.59** | **22.2** | **3.8** |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,067.80 | 1,417.44 | 1,543.87 | 1,645.19 | 1,636.98 | 1,586.40 | 1,564.96 | 1,581.87 | 1,560.23 | 2,099.56 | 2,075.83 | 1,965.07 | -110.8 | -5.3 |
| Централна банка | -1,352.39 | -1,358.07 | -1,406.42 | -1,724.09 | -1,819.58 | -1,880.89 | -1,773.77 | -1,775.48 | -1,729.46 | -1,662.26 | -1,588.15 | -2,151.66 | -2,142.65 | -2,033.72 | 108.9 | -5.1 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.45 | 197.28 | 235.00 | 286.05 | 338.08 | 393.86 | 402.84 | 483.99 | 490.26 | 501.08 | 599.32 | 612.89 | 643.25 | 667.25 | 24.0 | 3.7 |
| **Приватен долг** | **1,163.29** | **1,323.89** | **1,253.28** | **1,136.53** | **1,236.68** | **1,214.54** | **1,275.42** | **1,185.22** | **1,189.49** | **1,221.58** | **1,222.79** | **1,201.22** | **1,236.42** | **1,288.92** | **52.5** | **4.2** |
| Јавен долг% | -27.60 | -8.61 | -9.01 | -1.85 | 4.80 | 11.52 | 17.26 | 19.92 | 21.50 | 25.62 | 31.85 | 31.83 | 31.80 | 31.71 | | -0.1 |
| Приватен долг% | 127.60 | 108.61 | 109.01 | 101.85 | 95.20 | 88.48 | 82.74 | 80.08 | 78.50 | 74.38 | 68.15 | 68.17 | 68.20 | 68.29 | | 0.1 |
| Јавен долг/БДП % | -3.72 | -1.55 | -1.46 | -0.27 | 0.82 | 1.95 | 3.28 | 3.64 | 4.02 | 4.93 | 6.70 | 6.57 | 6.76 | 6.65 | | -0.1 |
| Приватен долг/БДП % | 17.18 | 19.56 | 17.63 | 15.06 | 16.30 | 14.97 | 15.72 | 14.61 | 14.66 | 14.32 | 14.33 | 14.08 | 14.49 | 14.31 | | -0.2 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција**

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | | | | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1-2013 | Кв.2-2013 | Кв.3-2013 | Кв.4-2013 | Кв.1-2014 | Кв.2-2014 | Кв.3-2014 | Кв.4-2014 | Кв.1-2015 | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,268.7** | **-4,532.6** | **-4,479.1** | **-4,558.4** | **-4,723.5** | **-4,840.0** | **-4,783.9** | **-4,781.6** | **-4,824.9** | **-43.3** | **0.9** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,524.1 | 4,412.4 | 4,418.0 | 4,082.5 | 4,391.4 | 4,371.5 | 5,007.3 | 4,596.8 | 4,792.2 | 195.4 | 4.3 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,792.8 | 8,945.0 | 8,897.2 | 8,640.8 | 9,114.9 | 9,211.5 | 9,791.3 | 9,378.4 | 9,617.1 | 238.7 | 2.5 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-52.6** | **-55.9** | **-55.2** | **-56.2** | **-55.4** | **-56.7** | **-56.1** | **-56.0** | **-53.6** | | **2.5** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,641.2 | -1,633.0 | -1,582.4 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.6 | -2,071.9 | -1,961.1 | 110.8 | -5.3 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 2,154.4 | 1,975.2 | 1,991.5 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 2,358.9 | 2,272.0 | -86.9 | -3.7 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -568.1 | -628.5 | -561.8 | -580.1 | -596.0 | -602.0 | -524.0 | -499.3 | -507.8 | -8.4 | 1.7 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,213.8 | -4,246.3 | -4,326.4 | -4,337.6 | -4,417.7 | -4,480.9 | -4,524.7 | -4,569.3 | -4,628.0 | -58.7 | 1.3 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,674.3 | -3,744.6 | -3,822.0 | -3,867.9 | -3,982.9 | -4,016.9 | -4,067.8 | -4,141.9 | -4,207.9 | -66.0 | 1.6 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -179.4 | -171.0 | -164.3 | -145.5 | -144.8 | -133.2 | -639.3 | -617.2 | -613.4 | 3.9 | -0.6 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.1 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | 0.0 | 1.5 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 339.0 | 336.2 | 391.8 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 466.0 | 463.2 | -2.8 | -0.6 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,801.8 | -2,799.4 | -2,809.7 | -2,791.8 | -2,810.7 | -2,883.7 | -2,902.6 | -2,908.6 | -2,827.4 | 81.2 | -2.8 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -103.8 | -116.1 | -63.7 | -42.9 | -13.6 | 51.1 | 63.3 | 63.6 | 90.8 | 27.2 | 42.8 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 0.1 | 9.7 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 2,230.4 | 2,039.2 | 2,064.8 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | -81.6 | -3.4 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -76.9 | -75.4 | -74.4 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -78.2 | -83.5 | -5.3 | 6.8 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на Р.М. согласно со промените во методологијата на пресметка. Податокот за 2014 година е проценка (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор:НБРМ.